Врз основа на членовите 18 од Законот за здруженија и фондации Сл.весник на РСМ бр.52/10, 135/11 и 55/16 и членот 14 од Законот за спорт Сл. Весник на РСМ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19, Собранието на Скијачката федерација на Македонија на седницата одржана на .... година во Скопје го донесе следниот:

# СТАТУТ
## на
## СКИЈАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

### ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Скијачката федерација на Македонија (во понатамошниот текст СФМ) претставува единствена национална федерација на спортски здруженија клубови во скијање, сноуборд, нордиско скијање, пара-скијање на територија на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст РСМ), во која здруженијата членуваат на доброволна основа заради остварување јавни цели во развивањето, промовирање и унапредување на скијањето, сноубордот, нордиско скијање и пара-скијање.

Во СФМ можат да членуваат здруженија без оглед на тоа дали застапуваат членови кои припаѓаат на одделен/а пол, возраст, религија, расно или етичко потекло, боја на кожа, здравствена состојба односно инвалидност, национална и социјална припадност, полова насоченост и слично, статус на семејството, имотната состојба, членство во синдикати и други основи.

**Член 2**

СФМ своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со овој Статут, Уставот и законите во РСМ, како и согласно соодветните правила од областа на скијачките спортови во меѓународната заедница.

СФМ е непрофитна спортска организација која нема за цел остварување на било каква добивка. СФМ исто така нема за цел остварување на било какви политички или верски активности и како таква нема да биде зачленета во или да поддржува ниедна политичка или верска организација.

**Член 3**

Името на федерацијатата е СКИЈАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА.

Скратеното име на федерацијата и кратенка во понатамошниот текст е СФМ.

Седиштето на СФМ е во Скопје на ул. Руѓер Бошковиќ бр. 22, Скопје.

СФМ има својство на правно лице.

СФМ дејствува на територијата на РСМ.

**Член 4**

СФМ има свој печат.

Печатот на СФМ е во тркалезна форма и на него во круг е напишан текстот: СКИЈАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ.

Во средината на печатот се наоѓа знакот на СФМ, кој се состои од снегулка во чија средина е втиснат лик на скијач.

**Член 5**

СФМ е полноправна членка на Олимписки Комитет на Северна Македонија (ОКСМ).

СФМ е член на Меѓународната федерација за скијање и сноуборд- ФИС.

СФМ е член на Меѓународната федерација СЕС.

СФМ може да соработува и членува во други спортски организации и здруженија во земјата и на меѓународно ниво, за што одлука донесува Собранието на СФМ.

Истапување од ОКСМ, ФИС, СЕС и други спортски организации и здруженија во земјата и на меѓународно ниво е можно само доколку гласаат 2/3 од сите членови на Собранието.

**Член 6**

Работата на СФМ е јавна.

За својата работа СФМ ги информира своите членови, Агенцијата за млади и спорт и јавноста.

За јавноста во работењето се одговорни нејзиниот Претседател и Извршниот одбор на СФМ.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 7**

Основни цели на СФМ се:

- Во областа на скијачкиот спорт, што поефикасно и поуспешно да ги остварува националните и заедничките интереси на своите членови;
- Да создава услови за што поорганизирано и поускладено изведување на скијачките;
- Да ја подобрува својата материјална состојба и да овозможува побрз и поскладен развој на масовниот и врвниот скијачки спорт и
- Да го застапува и претставува националниот скијачки спорт на меѓународен план.

**Член 8**

Задачите на СФМ се:

- Да ги усогласува и координира програмските активности на спортските здруженија-клубовите, членки на СФМ.
- Со изведување на заеднички стручни активности и со поддршка на масовното скијање, сноубордот, нордиско скијање, пара-скијање, да придонесува за ширењето на спортот во РСМ;
- Да ги застапува членките на СФМ, воопшто, како и во одделните дисциплини, во РСМ така и во странство;
- Развива творечка соработка со други невладини и владини спортски органзиции, органи и институции, врз основа на взаемни интереси и еднакво правно партнерство, во РСМ и странство;
- Организира и контролира, преку своите органи, системот на натпревари во РСМ;
- Иницира, поддржува иницијативи, координира и контролира организација на меѓународни натпревари во РСМ;
- Организира систем на работење на државните репрезентации и селекции, со кои се вклучува во меѓународните програми на натпревари на Меѓународната скијачка и сноуборд организација (ФИС)и Олимписките игри и др.;
- Донесува олимписка програма и во координација со ОКСМ и други органи и организации, се грижи за реализација на истата;
- Иницира, развива и контролира школување на скијачки, сноуборд, пара-скијање и од нордиско скијање стручни кадри за потребите на спортот.
- Да се грижи за усовршување на стручните кадри;
- Да се грижи за школување и функционално оспособување на скијачки, сноуборд, нордиско скијање и пара-скијање кадри кои се потребни на СФМ за соработка и делегирање во оние спортски организации во земјата и странство, со кои СФМ соработува и во кои членува:
- Во соработка со своите членови и други организации, да се залага и покренува иницијативи за основање, ускладување и пополнување на мрежа на скијачки објекти, технички инсталации и скијачки центри од национално значење;
- Да обезбедува технички средства и спортски полигони, како техничка основа за своите активности;
- Се грижи за спроведување пропагандни и промотивни активности, со цел да го презентира своето работење, своите програми и постигнатите резултати;

- Со своите програми, да конкурира за доделување на буџетските средства наменети за спорт и стопанисува на разни можни дозволени начини, за да се обезбедат средства за финансирање и остварување на зацртаните цели и активности;
- Доделува награди, подароци, признанија и благодарници;
- Извршува и други работи и задачи утврдени со Законот за спорт, Статутот и другите акти.

**ЧЛЕНСТВО ВО СФМ**

**Член 9**

Член на СФМ може да стане секое здружение кое ги исполнува условите од член 6 и 10 од Законот за спортот („Службен весник на РСМ", бр.29/2002 и сите понатамошни измени и дополнувања), е заинтересиран за работа во СФМ и ги прифаќа одредбите на овој Статут и општите акти на СФМ.
Во СФМ членуваат здруженија - клубови што ги негуваат снежните спортови: алпско скијање, нордиско скиајње, сноуборд, скијање во слободен стил, пара-скиајње и други спортови регистрирани во ФИС.

Во СФМ имаат право да членуваат и други здруженија чија основна дејност е поврзана со снежните спортови во областа на спортско натпреварување, спортска рекреација, спортски обуки, обуки на тренери и учители (МАИС), при што истите имаат статус на членки без право на глас.

**Член 10**

Членките во СФМ мора да се правни лица, со статут и други акти изготвени во согласност со овој Статут, Законот за здруженија и фондации, Законот за спорт и другите позитивни законски прописи како и со добиено Решение за вршење на дејност спорт од државна управа за работа од областа на спортот.

**Член 11**

Членовите во СФМ можат да бидат постојани, придружни и почесни.

Постојани членови на СФМ се здруженија - клубовите кои ги исполнуваат условите од член 12 и член 14 на овој Статут.

Членовите на СФМ имаат право на учество во системот на натпревари на СФМ.

Учеството во системот на натпревари се регулира со уплата на годишна чланарина на СФМ.

Членовите на СФМ чланарината ја уплатуваат најдоцна пред почетокот на натпреварувачката сезона но не подоцна од 15ти Октомври во тековната година.
Висината и намената на чланарината ја утврдува Извршниот одбор на СФМ.

Придружните членови немаат обврска за плаќање на чланарина се до нивниот прием како постојана членка.

**Член 12**

Членувањето во СФМ е врз доброволна основа. Приемот на членови се врши врз основа на барање на здружението - клубот.

Кон барањето здружението кандидат е должен да достави:

- Копија од Статут на здружението – клубот,
- Копија од Тековна состојба на здружението – клубот,
- Копија од Решение за вршење на дејност спорт од државна управа за работа од областа на спортот.
- Изјава дека се прифаќа Статутот и другите општи акти на СФМ.
- Список на членови
- Договор со тренер
- Пополнет формулар за прием.

Приемот на нови членови го врши Извршниот одбор. Вака применото здружение - клуб има статус на придружен член на СФМ и се здобива со право на учество во системот на натпревари на СФМ и ФИС, во категориите „МАЖИ“, „ЖЕНИ" или „ДЕЦА".
Придружниот член на СФМ се здобива со статусот Постојан член на СФМ со одлука на Собранието на СФМ, на предлог на Извршниот одбор на СФМ, а со претходно вклучување во системот на натпревари на СФМ и ФИС.

Постојаниот член нема право на глас на истата седница на која што е пимен за редовен член, односно правото на глас го стекнува на наредната седница на Собранието на СФМ.

Постојаните членови на СФМ имаат право на:

- 1 (еден) глас во Собраниетона СФМ доколку е исполнет условот од претходниот став од овој член од овој Статут и доколку се вклучени во системот на натпревари на СФМ и ФИС

- 2 (два) гласа во Собранието на СФМ доколку членот има повеќе од 4-четири регистрирани натпреварувачи и најмалку 1-еден член во националните селекции на СФМ со остварена А олимписка норма.

Услов за остварување на правото на глас на седница на Собранието е и членот да е активен и да ги има уредно подмирено сите претходни чланарини спрема СФМ вклучувајќи ја и за последната сезона. Во спротивно членот ќе има право само да учествува во работата на собранието но нема да има право да дава предлози или да го остварува правото на глас на седницата на Собранието.

Доколку постојаниот член не е активен во период од 2-две години (не учествува на натпревари и/или на седниците на Собранието на СФМ) истиот го губи правото на глас во Собранието на СФМ, ќе биде избришан од постојан член и ќе биде евидентиран како придружен член на СФМ. Доколку членот и во наредниот период од 1-една година не е активен за истиот ќе биде даден предлог да се исклучи од СФМ.

Генералниот секретар на СФМ води евиденција на членството на СФМ како и евиденција на членови кои имаат право на глас на Собранието. Генералниот секретар е должен пред секоја седница на Собранието на СФМ да изготви нов ажуриран список на членови на СФМ во кој ќе бидат посебно прикажани и членовите на СФМ кои имаат право на глас, кој список ќе претставува составен дел на материјалите за следната седница на Собранието.

СФМ има и почесни членови. Почесни членови на СФМ може да бидат спортисти-скијачи, спортски работници и други лица кои придонеле или со својот авторитет ќе придонесат за напредок на СФМ и развој на скијачкиот спорт, сноубордот, нордиското скијање и пара-скиајњето. Почесните членови ги избира Собранието на СФМ, врз основа на предлог на Извршниот одбор или на членовите на Собранието.

## ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ НА ЧЛЕНКИТЕ

### Член 13

Членките ги уживаат сите права, ги извршуваат сите обврски и ја носат целата одговорност што произлегува од актите на СФМ и одлуките на органите и телата на СФМ.

Членките учествуваат во сите активности на СФМ преку свои претставници, особено во работата на органите и телата на СФМ и во донесувањето на одлуките, ставовите, предлозите и другите форми на одлучување.

Правата и обврските на постојаните членови на СФМ се:
1. Дискутирање за сите прашања од активностите на СФМ со цел промоција на скијањето, сноубордот, нордиско скијање и пара-скиајњето во РСМ;
2. Давање предлози и мислења со цел да се донесат соодветни одлуки во СФМ;
3. Користење на стручна и друга помош, како и услуги што ги обезбедува СФМ во рамките на своите активности;
4. Обезбедување на сите потребни информации и податоци на барање на СФМ за исполнување на законските задачи и обврски;
5. Хавремено плаќање на чланарината на СФМ и обезбедување услови за ефикасна работа на СФМ;

6. Навремено плаќање на чланарина за регистрација на одделни членови;
7. Негување и почитување на спортскиот морал и спортскиот дух во меѓусебните односи;
8. Соработување едни со други за да се постигнат целите и задачите предвидени со Статутот и актите на СФМ;
9. Учествување во професионалните активности на СФМ;
10. Увид во работата на СФМ и нејзините тела;
11. Учествување во донесувањето на планот и програмата за работа на СФМ;
12. Пријавување на своите натпреварувачи за натпревари;
13. Организирање меѓународни и домашни натпревари во скијачката дисциплината за која се регистрирани, а која претходно мора да биде одобрена од страна на ФИС и СФМ (доколку тие натпревари припаѓаат на системот на натпревари со кои раководи ФИС или СФМ и се наоѓаат во нивниот календар);
14. Членовите не се овластени да учествуваат на натпревари или да примаат награди или признанија доколку овие настани не се одобрени од ФИС и немаат писмена согласност од СФМ, освен во случај за младите категории на натпреварувачи кои не потпаѓаат под ФИС.
15. Заклучно со 15 Октомври во тековната година да доставaт извештај за бројот на неговите членови.
16. Редовно да доставуваат до СФМ годишни извештаи за својата работа;
17. Пред регистрацијата на секоја измена и дополнување на своите Статути истите треба да ја доставаат до СФМ;
18. да ги исполнуваат обврските утврдени со Законот за спорт, овој Статут и други акти на СФМ како и правилата на ФИС.

Придружните членки на СФМ ги имаат сите права и обврски на постојаните членови од овој член на Статутот, освен правото на глас во Собранието на СФМ и истите немаат обврска за плаќање на годишна членарина.

**Член 14**

Здружение - клуб (во натамошниот текст: клуб) е спортска организација која има регистрирано спортисти кои се натпреваруваат и кој е основан поради вршење на скијачки спортски активности во согласност со Законот за спорт.

Клубот може да биде постојан член на СФМ доколку ги исполнува следниве услови:
1. Целта на неговото основање и работење е развој и подобрување, проширување и промоција на скијачки спортови, според принципите на спортот и олимпизмот
2. Да има стручен кадар, како и основни материјални услови за работа
3. Да има најмалку 5 членови
4. Да има најмалку тројца регистрирани натпреварувачи кои активно настапуваат, при што под активно се смета настап на натпреварувачот на најмалку 50% од домашните натпревари одобрени во службениот календар на СФМ или четири ФИС меѓународни натпревари во своја категорија во претходната натпреварувачка сезона. Натпреварувачот треба да оствари пласман на најмалку 2 домашни натпревари или на 2 меѓународни натпревари.
5. Резултатите на натпреварувачот кои се вреднуваат во случајот од овој член 14 став 2 точка 4 на овој Статут се препишуваат на клубот на чии што натпреварувач бил член во сезоната во која резултатите се остварени и неможат да се пренесат на нов клуб доколку натпреварувачот по завршетокот на сезоната го промени клубот
6. Да потпише образец за пристапница во СФМ
7. Да го достави Статутот на Клубот, Тековна состојба од Централен Регистар, Решението за вршење дејност спорт од државна управа за работа од областа на спортот заедно со образецот за пристапница во СФМ
8. Да даде изјава дека целосно ги прифаќа Статутот и другите општи акти на СФМ
9. Да плати годишна членарина, во износ утврден со одлука на Извршниот одбор на СФМ.

Во случај клубот да не ги исполнува наведените критериуми и услови за полноправно членство од овој член 14 став 2 од овој Статут или престанал да ги исполнува за време на траењето на неговиот статус на постојан член, ќе се врати и може да стане придружен член на СФМ, доколку Собранието одлучи дека неговото придружно членство е од интерес на Македонскиот скијачки спорт и може да учествува во работните тела на СФМ без право на глас. Верификацијата на статусот ја врши Собранието на СФМ.

**ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СФМ**

**Член 15**

Членството во СФМ престанува:

- Со истапување;
- Со престанок на постоење на спортското здружение-клубот;
- Со укинување на Решението за вршење на дејност спорт од државна управа за работа од областа на спортот;
- Со одлука за исклучување заради грубо кршење на правилата на СФМ и неетичко однесување за што треба да гласаат мнозинство од постојаните членови со право на глас на СФМ присутни на Собранието а врз основа на предлог доставен од Извршниот одбор;
- Со исклучување од членство на СФМ заради неактивност на клубот согласно член 12 од овој Статут за што треба да гласаат мнозинство од постојаните членови на СФМ со право на глас присутни на Собранието а врз основа на предлог доставен од Извршниот одбор;
- Врз основа на одредби што ги пропишува Законот за здруженија и фондации и Законот за спорт;
- Со одлука за исклучување доколку членот доцни со плаќање на чланарината спрема СФМ повеќе од 1 – една година за што треба да гласаат мнозинство од постојаните членови на СФМ со право на глас присутни на Собранието, а врз основа на предлог доставен од Извршниот одбор.
- Со исклучување врз основа на доставен рпедлог за исклучување по претходн оспроведена дисциплинска постапка.

Пред поднесување на предлог до Собранието на СФМ за донесување на одлука за престанок на членство, кога е применливо, Извршниот одбор ќе го предупреди членот за можноста за негово исклучување од членство и да го повика во рок не пократок од 30 дена да ги отстрани недостатоците/причините за исклучување од членство. Доколку по дадениот рок членот не ги отстрани недостатоците, Извршниот одбор ќе даде предлог до Собранието на наредната седница да донесе одлука за исклучување од членството во СФМ.

**ОРГАНИ НА СФМ**

**Член 16**

Органи на СФМ се:

1. Собрание на СФМ;
2. Извршен одбор;
3. Надзорен одбор.

**1. СОБРАНИЕ НА СФМ**

**Член 17**

Собранието е највисок орган на управувањето во СФМ.

Собранието е составено од постојани, придружни и почесни членови.

Секое здружение - клуб, член на СФМ, партиципира со 1 (еден) свој претставник во Собранието на СФМ. Како претставник може да се јави самиот претседател на здружението – клуб или друго лице овластено од страна на претседателот на здружението со полномошно заверено на нотар.

Право на одлучување во собранието на СФМ имаат само претставниците на здруженијата - клубовите кои се постојани членови на СФМ со право на глас доколку е исполнет условот од член 12, став 5 и 7 од овој Статут.

Во работењето на собранието на СФМ може да учествуваат и претставници на постојаните членови без право на глас, претставниците на здруженијата – клубовите придружни членови на СФМ, почесните членови, со право на дискусија, а без право на глас.

**Член 18**

Собранието на СФМ:

- Го донесува Статутот на СФМ и другите акти од својот делокруг на работа;

- Ги избира и разрешува Претседателот на СФМ, Потпретседателите и членовите на Извршниот одбор, Претседателите на Комитетите, Претседателот и членовите на Надзорниот одбор и почесните членови на СФМ;
- Разгледува и усвојува едногодишни и повеќегодишни програми за активностите на СФМ и други програми за развој на скијачкиот спорт;
- Ги усогласува и координира програмските заеднички активности на здруженијата - клубовите, дава иницијативи и мислења за соработка помеѓу нив;
- Ги разгледува и усвојува извештаите и програмите на Извршниот одбор, неговите тела и комисии;
- Донесува одлука за прием во и престанок од членство на СФМ;
- Врши и други работи во согласност со Статутот и Законот за спорт.

Начинот на работа и одлучување на Собранието поблиску се уредува со Деловник за работа на Собранието.
Со Деловникот за работа на Собранието се уредува и составот и работата на постојани и повремени комисии и тела што ги формира Собранието.

**Член 19**

Собранието работи на седници.

Седниците на Собранието се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш годишно, по завршувањето на натпреварувачката сезона, најкасно до 15ти јуни.

Собранието може да работи ако се присутни повеќе од половината од постојните членови со право на глас.

Собранието своите одлуки ги донесува со гласање.

Гласањето е јавно, а на предлог од 1/3 од членовите Собранието со право на глас може да одлучи гласањето да биде тајно. Одлуката е полноважна доколку за истата гласале повеќето од половината присутни постојани членови на Собранието со право на глас, но не помалку од 1/3 од вкупниот број на постојани членови на Собранието со право на глас.

Седниците на Собранието ги отвора и со нив раководи Претседателот на СФМ или Потпретседателот кој е овластен да го заменува, а доколку тие не се присутни седницата ќе ја отвори и со неа ќе раководи претставник на клубовите кој е најстар.

**Член 20**

Седниците на Собранието ги свикува Претседателот на СФМ или Потпретседателот кој го заменува, со испраќање на покана.

Собранието се свикува по пат на покана испратена по препорачана пратка преку регуларна или брза пошта или со испраќање на покана до членовите на Собранието по пат на електронска пошта но не пократко од 7 (седум) дена пред одржување на седницата на Собранието.

Седница на Собранието се одржува најдоцна во рок од 14 дена но не пократко од 7 дена од денот на испраќање на поканата за одржување.

Седниците (редовни или вонредни) на собранието можат да се свикаат и со иницијатива на Извршниот одбор, на Надзорниот одбор или на најмалку 1/3 од постојаните членови со право на глас.

Иницијативата за свикување на редовна или вонредна седница на Собранието иницијаторите се должни да ја достават заедно со дневен ред, материјалите и предлог одлуките до Претседателот на СФМ кој е должен истата да ја спроведе и во рок од 7 (седум) дена од денот на доставената иницијатива за свикување на редовна или вонредна седница, да испрати покана за свикување на седница до членовите на СФМ. Во случај на отсутност, спреченост или трајна спреченост (смрт или одземена деловна способност) на Претседателот, претходната иницијатива ја спроведува еден од Потпретседателите, овластен од Претседателот или од Извршниот одбор на СФМ.

Доколку Претседателот на СФМ, или Потпретседателот кој го заменува, не го свика Собранието во рокот предвиден во претходниот став од овој член, Собранието ќе го свикаат подносителите на иницијативата на начин предвиден во став 2 и 3 од овој член.

Доколку мандатот на Претседателот, Потпретседателот кој го заменува, Извршниот и Надзорниот одбор е истечен, Собранието ќе се свика на иницијатива од најмалку 1/3 постојани членови со право на глас на начин предвиден во став 2 и 3 од овој член.

## 2. ИЗВРШЕН ОДБОР

**Член 21**

Извршниот одбор е извршен орган на Собранието на СФМ.

**Член 22**

Извршниот одбор на СФМ го сочинуваат:

- Претседател, кој истовремено е претседател на СФМ;
- Двајца Потпретседатели;
- Претседателите на комитетите за поединечни спортови;
- Членови.

Извршниот одбор брои најмногу 9 (девет) членови.

Потпретседателите и членовите на Извршниот одбор ги предлага Претседателот, додека Претседателите на комитетите за поедини спортови ги предлагаат здруженијата - клубовите, членови на СФМ од соодветните спортови.

Во работата на Извршниот одбор, кога тој ќе расправа по некои важни прашања од поедина област, може на покана од Претседателот, да учествуваат членови од Собранието и од другите тела на СФМ или други лица.

**Член 23**

Извршниот одбор:

- Ги извршува и го следи извршувањето на одлуките на Собранието;
- Подготвува и усвојува правилници, деловници и други нормативни акти од својот делокруг на работа и работата на Комитетите и Комисиите на СФМ;
- Подготвува и усвојува кодекси за однесување на членовите на СФМ, вработените и ангажираните лице во СФМ како и членовите на органите и другите тела на СФМ;
- Подготвува материјал и создава услови за работа на Собранието и на СФМ;
- Ги избира членовите на Комитетите, Претседателите и членовите на Комисиите;
- Избира генерален секретар согласно Законот за спорт и овој Статут;
- Ги избира селекторите и тренерите за поедините скијачки дисциплини;
- Одлучува за вработување/ангажирање и отказ во СФМ на селекторите и тренерите за поедините скијачки дисциплини и стручниот секретар;
- Одлучува за склучување индивидуални договори за регулирање на меѓусебните права и обврски со врвните репрезентативци како и нивно раскинување;
- Ги подготвува и реализира плановите и програмите на СФМ;
- Приготвува годишен финансиски план и завршна сметка;
- Обезбедува даночни и царински олеснувања во согласност со законот
- Ја следи работата на комитетите и другите работни тела и редовно бара извештај за реализација на активностите;
- На предлог на комитетите, усвојува календари за натпревари за сите натпреварувачки дисциплини;
- Ја следи реализацијата на меѓународните натпревари во Македонија;
- Ги потврдува составите на репрезентациите за натпреварите на Европскиот куп, Светскиот куп, Светските првенства и за учество на Зимските олимписки игри, а на предлог на соодветните комитети и комисии;

- Ги одредува претставниците во телата на ФИС и другите организации во земјата и странство каде што СФМ членува;
- Поднесува извештај за својата работа до Собранието на СФМ најдоцна;
- Одлучува за предлог за престанок на членство во СФМ;
- Формира дисциплинска комисија, комисија за регистрација, комисија за учители и тренери, а потреба и други комисии потребни за редовното работење на СФМ.
- Одлучува по жалба против решението на Дисциплинската комисија

**Член 24**

Извршниот одбор се состанува по потреба, а најмалку еднаш месечно.

Состаноците на Извршниот одбор ги свикува Претседателот по своја иницијатива или по барање на 1/3 од членовите на Извршниот одбор.

Во случај на отсутност, спреченост или трајна спреченост (смрт или одземена деловна способност) на Претседателот, седниците ги свикува еден од потпретседателите назначен од Претседателот или Извршниот одбор.

Со состаноците раководи Претседателот, а во негово отсуство или спреченост еден од потпретседателите назначен од Претседателот или Извршниот одбор.

Извршниот одбор може да работи само ако се присутни повеќе од половина од членовите на Извршниот добор.

Одлуките на Извршниот одбор се донесуваат со гласање со мнозинство на гласови од присутните членови на седницата на Извршниот одбор.

Состаноците на Извршниот одбор може да се одржуваат со физичко присуство како и согласно член 3 став 1 алинеја 11 "одлучување без присуство" од Законот за здруженија и фондации. Начинот на одржување на седниците го одлучува претседателот на СФМ или на барање на 1/3 од членовите на Извршниот одбор.

Доколку состаноците се одржуваат без физичко присуство истите се одржуваат: а) преку технички достапните електронски технологии за одржување на on line состаноци; б) со размена по електронска пошта и потпишување на правен акт. Доколку Записникот и одлуките не можат да се потпишат со размена преку технички достапните електронски технологии или по електронска пошта истите се верификуваат на првата наредна седница на Извршниот одбор со физичко присуство.

На состаноците на Извршниот одбор се води Записник кој го потпишува Претседателот на СФМ и техничкиот секретар. Доколку нема технички секретар или истиот е отсутен Записникот може да го води и потпише еден од членовите на Извршниот одбор.

За својата работа членовите на Извршниот одбор се одговорни пред Собранието.

Начинот на работа и одлучување на Извршниот одбор на СФМ поблиску се уредува со Деловник за работа.

**Член 25**

Извршниот одбор за своето работење формира постојани и повремени работни тела.

Постојани работни тела се: Комитетот за алпско скијање, Комитетот за нордиски дисциплини и Комитетот за сноуборд и слободно скијање.

Комитети може да се формираат и во други скијачки дисциплини, со одлука на Собранието, а на предлог на Извршниот одбор на СФМ.

Повремени работни тела се работни групи или комисии за одредени потреби или проекти.

**Член 26**

Комитетите се составени од претседател и најмалку 2 члена.

Членовите на комитетите ги предлага претседателот на комитетот а ги избира ИО.

За своето работење Комитетите одговараат пред Извршниот одбор на СФМ. Комитетите за своето работење доставуваат извештај за работа за претходната година најдоцна до 15-ти Мај.

**Член 27**

Постојана комисија во СФМ се:

- Дисциплинска комисија.
- Комисија за регистрација
- Комисија за учители и тренери,
- Комисија за пара скијање

Комисиите се составени од претседател и најмалку двајца членови кој ги избира Извршниот одбор на СФМ.

Работењето на Дисциплинската комисија е уредено со Деловник за работа на дисциплинската комисија кој го носи Извршниот одбор на СФМ.

Работењето на регистрационата комисија се регулира со правилник за регистрација кој го донесува Извршниот одбор на СФМ.

Работењето на Комисија за учители и тренери се регулира со правилник за работа кој го донесува Извршниот одбор на СФМ.

Извршниот одбор на СФМ може да формира и други комисии за потребите на редовното работење на СФМ.

**Претседател на СФМ**

**Член 28**

Претседателот на СФМ ги има следните надлежности:

- Ја претставува и застапува СФМ пред трети лица.
- Ја претставува и застапува СФМ пред ОКСМ, ФИС и други спортски организации и здруженија во земјата и на меѓународно ниво.
- Се грижи за стратешкиот развој и исполнување на целите и задачите на СФМ, во целина и во поедините подрачја;
- Ги свикува седниците на Собранието и Извршниот одбор и раководи со нив;
- Потпишува општи акти и одлуки што ги усвоиле Собранието и Извршниот одбор и обавува други задачи кои му се доверени;
- Му предлага на Собранието избирање на потпретседатели и членови на Извршниот одбор;
- Ги потпишува Договорите за работа, Договорите за ангажирање, отказите и раскинувањата на селекторите и тренерите за поедините скијачки дисциплини и стручниот секретар како и други лица вработени или ангажирани во СФМ,
- Ги потпишува индивидуалните договори за регулирање на меѓусебните права и обврски со врвните репрезентативци како и нивно раскинување,
- Врши други оперативни работи.

Претседателот на СФМ е одговорен за материјално-финансиското работење на СФМ.

За своето работење Претседателот е одговорен пред Собранието на СФМ.

Во случај на отсуство, спреченост или трајна спреченост на Претседателот го заменува еден од Потпретседателите на Извршниот одбор, овластен од Претседателот или Извршниот одбор.

Во случај на престанок на мандатот на Претседателот, до изборот на нов Претседател, функцијата Претседател ја врши еден од Потпретседателите како вршител на должноста Претседател (не повеќе од 6 месеци) овластен од страна на Извршниот одбор на СФМ.

## 3. НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 29**

Надзорниот одбор го сочинуваат Претседател и двајца членови, избрани од страна на Собранието.

Надзорниот одбор во своето работење врши надзор за исправноста во работењето на СФМ, реализација на програмите и исправноста во финансиското работење.

Надзорниот одбор за своето работење одговара пред Собранието.

Работата на Надзорниот одбор е регулирана со Деловник за работа на Надзорниот одбор донесен од страна на Надзорниот одбор на СФМ.

Надзорниот одбор за своето работење доставува извештај за работа за претходната година најдоцна до 15-ти Мај.

**Генерален Секретар на СФМ**

**Член 30**

Генералениот Секретар на СФМ го именува Извршниот одбор.

Генералниот Секретар:

- Се грижи за благовремено спроведување и реализирање на сите донесени одлуки од Собранието, Извршниот одбор и другите органи и тела на СФМ;
- Ги подготвува и навремено ги доставува сите потребни материјали за работа на Извршниот одбор, Собранието и другите органи и тела на СФМ;
- Во координација со Претседателот на СФМ се грижи за точно и навремено известување на јавноста за сите активности на СФМ;
- Раководи со административно-стручната служба во СФМ;
- Води регистар на членови на СФМ и членови со право на глас на собранието на СФМ;
- Спроведува и координира и други активности, доверени од Извршниот одбор и Собранието на СФМ
- Одговара за својата работа пред Извршниот одбор на СФМ.

Генералниот секретар се бира согласно одредбите од Законот за спорт. Доколку нема именувано Генерален секретар или доколку истиот е разрешен или даде оставка, Технички секретар од член 31 од овој Статут ги врши привремено неговите обврски.

Генералниот секретар учествува во работата на Извршниот одбор, Собранието а може да учествува и во работата и на другите органи и тела на СФМ.

**Член 31**

СФМ по потреба може да вработи Технички секретар, со професионален статус кој ги обавува стручните, административните и техничките работи.

Правата, обврските и одговорностите на Техничкиот секретар се уредени со Одлука на Извршниот одбор на СФМ.

**ТРАЕЊЕ НА МАНДАТИ**

**Член 32**

Мандатот на Претседателот на СФМ, Потпретседателите, членовите на Извршниот одбор, Претседателот и членовите на Надзорниот одбор, Претседателите и членовите на Комитетите и на останатите работни тела е 4 (четири) години, со право на повторен избор.

Мандатот на почесните членови е неограничен.

Членките на СФМ имаат право пред истекот на мандатот на некој функционер, да предложат разрешување, доколку постои сомневање дека не работи во согласност со Статутот и усвоената политика на СФМ. Предлогот за разрешување, кој мора да биде образложен, го разгледува Собранието и донесува конечна одлука.

Мандатот на Претседателот на СФМ, Потпретседателите, членовите на Извршниот одбор, Претседателот и членовите на Надзорниот одбор, Претседателите и членовите на Комитетите може да биде прекинат со одлука на Собранието на СФМ.

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

**Член 33**

СФМ прибавува средства за своето работење од следните извори:

- од членарина и други прилози;
- од Буџет на државата;
- од сопствени дејности;
- од награди и спонзорски фондови;
- од донаторство и
- од други извори.

Средствата се употребуваат врз основа на Програмата за работа и Финансискиот план.

Финансиското и материјалното работење се води во согласност со позитивните прописи.

СФМ може да основа друштва со ограничена одговорност и акционерски друштва заради остварување средства за финансирање на функциите на СФМ и заради остварување на нејзините цели.

## ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА НАТПРЕВАРУВАЧИТЕ

**Член 34**

Статусот, правата и должностите на натпреварувачите се уредени со Правилник за правата и должностите на натпреварувачите.

**Член 35**

Во државните репрезентации може да се избираат скијачи кои постигнале најдобри резултати и кои можат со своите човечки квалитетети да ја застапуваат РСМ.

Критериумите за избор во државните репрезентации се дефинирани и усвоени во посебен акт што го усвојува Извршниот одбор, а на предлог на соодветните комитети.

**Член 36**

Настап за државната репрезентација е должност и чест на секој натпреварувач. Натпреварувач кој нема оправдани причини не може да одбие учество на натпревар за државната репрезентација.

**Член 37**

СФМ е должен да се грижи за репрезентативците и да им овозможи услови за постигнување на што подобри резулати и успеси.

**Член 38**

Членовите на државните репрезентации се должни да ги исполнуваат своите обврски во репрезентацијата, определени во актите на СФМ и неговите тела.

СФМ може со врвните репрезентативци да склучува индивидуални договори за регулирање на меѓусебните права и обврски.

## НАГРАДИ, ПОДАРОЦИ, ПРИЗНАНИЈА И БЛАГОДАРНИЦИ

**Член 439**

Собранието и Извршниот одбор можат на членките на СФМ, натпреварувачи, тренери, заслужни поединци, спортски организации, институции, претпријатија и други организиции да доделуваат награди, подароци, признанија и благодарници за нивниот придонес во постигнувањата и развојот на СФМ и скијањето во РСМ.

Доделувањето на наградите и признанијата е уредено со посебен правилник.

## ОПШТИ АКТИ

**Член 40**

СФМ ги има следните општи акти:

- Статут;
- Деловник за работа на Собранието
- Деловник за работа на Извршен Одбор

- Деловник за работа на Надзорен одбор
- Правилник за регистрација
- Правилник за права и должности на натпреварувачи
- Правилник за учество на меѓународни натпревари
- Правилник за правата и должностите на репрезентативците во сите селекции во СФМ
- Правилник за работа на дисциплинска комисија, за начинот на водење на дисциплинска постапка и утврдување на дисциплинска одговорност .

СФМ, во поедини области, може да донесува и други општи акти.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**

СФМ престанува да постои:

- ако Собранието донесе одлука за престанок на своето постоење со 2/3 мнозинство од вкупниот број членови со одлука го известува Централниот регистар на РСМ.
- со прависилна одлука на надлежен државен орган;
- ако бројот на членките се намали на помалку од половината скијачки клубови во Република Северна Македонија кои имаат решенија за вршење дејност од ист вид на спорт.

Целокупниот подвижен и недвижен имот кој е сопственост на СФМ, во случај на престанок на постоење на СФМ, преминува во сопственост на спортските здруженија-клубовите кои го сочинуваат СФМ.

Поделбата на имотот ќе се изврши согласно со посебна одлука за престанок на СФМ.

**Член 42**

Статутот на СФМ стапува во сила со неговото донесување.

Овој Статут произведува правно дејство од денот на запишувањето во регистерот на Централниот регистар на РСМ.

Со усвојување на овој Статут, престанува да важи Статутот од 03.03.2021 година.

Претседател,